Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 113, 15 ноември 2013 година

ноември 2013 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање доцент во наставно-научната област казнено право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област анестезиологија и реанимација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 13

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по житни растенија” од автор доц. д-р Мите Илиевски, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 20

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Житни растенија” од автор доц. д-р Мите Илиевски, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Скрипта по предметот граѓанско општество” од доц. д-р Страшко Стојановски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 24

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основи на cad/cam во електротехника“ (интерна скрипта) од д-р Влатко Чингоски, вонреден професор на Електротехнички факултет, при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 27

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебното помагало „Практикум за пополнување на единствен царински документ” од доц. д-р Драшко Атанасоски, асс. м-р Снежана Бардарова и асс. м-р Оливер Филипоски ........ 31

**РЕЦЕНЗИЈА** на скрипта под наслов „Фонетика и фонологија на современиот турски јазик“ од доц. д-р Марија Леонтиќ ........ 33

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебното помагало „Практикум по фонетика и фонологија на современиот турски јазик“ од доц. д-р Марија Леонтиќ, Филолошки факултет,Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 35

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 37

**ПРИГОВОР** ........ 38

**ОДГОВОР НА ПРИГОВОР** ........ 40

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО” ОД ДОЦ. Д-Р СТРАШКО СТОЈАНОВСКИ, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1602-156/15 од 93. редовна седница на Наставно - научниот совет на Правниот факултет, одржана на 16.10.2013 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- вон. проф. д-р Јован Ананиев, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип;
- доц. д-р Јадранка Денкова, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис „**Скрипта по предметот Граѓанско општество**” од **доц. д-р Страшко Стојановски** наменет за студентите од прв циклус студии при Правниот факултет на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Правниот факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Извештајот на рецензијата може да изнесува најмногу 10 (десет) пишани А4 формат страници со нормален проред. Рецензијата треба да ги содржи следниве податоци:

**Општи податоци за ракописот:** „Скриптата по предметот Граѓанско општество“, е наменета за студентите кои го слушаат предметот Граѓанско општество во прв семестар на прв циклус студии. Предметот е со статус на изборен предмет за насоките Правни студии и Новинарство и односи со јавноста, со број на часови 2+1+0 и 4 ЕКТС. Притоа овој труд се однесува на подготовка на практични материјали кои би помогнале во рамките на наставата по предметот Граѓанско општество. Елаборацијата на поголемиот дел од предметните содржини ќе овозможи студентите полесно да го апсолвираат предвидениот материјал, како и понатамошно развивање и ефектуализација на материјата во пракса.

**Податоци за обемот ракописот:** Скриптата има 92 страници, А4 формат, со наведена соодветна користена литература и притоа по обемот на содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Бидејќи до сега не е објавен систематизиран учебник со ваков карактер постои потреба за соодветна покриеност на наставните содржини по предметот Граѓанско општество. Овој труд според начинот на изработка и содржината претставува труд кој има за цел да служат како наставно помагало во рамките на програмата за изведување на наставата по предметот Граѓанско општество.

**Краток опис на содржината:** Трудот опфаќа 92 страници, поделени во две целини. Во првиот дел се опфатени прашањата поврзани со предметот на проучување на граѓанското општество, како и методите кои се користат во рамките на истиот. Во овој дел се опфатени современи дефинирања на поимот граѓанско општество и позиционирањето на истиот во рамките на општествените науки. Понатаму, во овој дел се опфатени историските парадигми на развојот на концептот на граѓанското општество од антиката до денес. Во овој дел се тргнува од Аристотеловиот концепт поврзан ко терминот *коинониа политике (koinonia politike*), кој во рамките на римската традиција ќе биде синтетизиран во рамките на терминот societas civilis. Од средновековната мисла најзначаен претставник е Тома Аквински, кој го разработува граѓанското општество како дел од јавната сфера, но истовремено го поврзува и со приватноста поврзана со различните форми на организирање во економската сфера

(трговски и занаетчиски гилди и други видови на здруженија). Во периодот на хуманизмот постепено започнува процесот на рационализација на мислата, а оттука и на граѓанското општество, што може да се проследи во рамките на теоретските гледишта на Николо Макијавели, Томас Хобс и Џон Лок. Подоцна во рамките на просветителството граѓанското општество е еден од општествените сегменти на проучување на Жан Жак Русо. Прв кој го воспоставува граѓанското општество како современ концепт, јасно издвоен од приватноста на домот, но и јавната сфера на политиката е Георг Фридрих Хегел. Надградбата на Хегеловите гледишта може да се проследи преку работата на Алексис де Токвил, кој граѓанското општество го поврзува со демократијата како облик на политичко уредување, но и Карл Маркс, кој на граѓанското општество гледа низ призмата на општествената поделба на трудот и општествените класи.

Во следниот дел граѓанското општество се разработува низ призмата не некои од модерните актуелни пристапи. Покрај некои од актуелните класификации на граѓанското општество се разработуваат и некои од основните елементи кои истото ги содржи. Теоретските гледишта на крајот од 20 и почетокот на 21 век се однесуваат на двете моќни струи - од една страна се неолиберализмот и неоконзервативизмот каде што се разработуваат гледиштата на Роберт Нозик и Фридрих Хаек, како и постмарксизмот, кој нуди нова интерпретација на класичните учења на Маркс. Во делот на анализирање на интересовните групи и општествените движења се разработуваат некои од основните постулати на нивната организација и дејствување, заедно со позитивните и негативни реперкусии кои произлегуваат од нив, а се однесуваат на глобалното општество. Притоа се нудат повеќе примери за општествени движења, како што се движењата за заштита на човековите права, антиглобалистичките движења, социјалните движења, движења за заштита на животната средина, студентски движења и други.

Во вториот дел од скриптата се опфатени основните постулати на функционирање на невладините организации, нивната структура, начин на делување, формално регулирање и слично. Исто така, посебен акцент се става на интернационализацијата на слободата на здружување, дел во кој се анализираат повеќе меѓународни формални акти, како што се: Универзалната декларација за човековите права, Меѓународниот пакт за граѓански и човекови права, Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи или Европска конвенција за човековите права и Европската конвенција за признавање на статус на правно лице на меѓународните невладини организации. Покрај глобалното дејствување на граѓанските, невладини организации и Европската политика во однос на граѓанското општество, посебен осврт во Скриптата е даден на граѓанското здружување на просторите на Источна Европа и Балканот, со специфични примери од искуствата на различни земји. Поголем дел од елаборацијата на проблемот на граѓанското здружување е посветен на состојбите во Република Македонија. Тука се опфатени претпоставките за историската поставеност и развој на дејствувањето на невладините организации пред и по периодот на осамостојувањето на Република Македонија. Понатаму посебно се разгледуваат дејствувањето на синдикатите, религиските заедници и медиумите, во насока на развој на демократските капацитети и политичката култура во државата. На крајот, во делот од нормативната рамка, опфатени се: Уставот на Република Македонија, како и Законот за здруженија и фондации и Законот за лобирање.

**ЗАКЛУЧОК**

Трудот „Скрипта по предметот Граѓанско општество“ ќе предизвика голем интерес кај студентите и стручната јавност, бидејќи студентите ќе имаат можност полесно да го реализираат усвојувањето на предвидената материја по предметот Граѓанско општество, како и усвојување на нејзините практични апликации во текот на понатамошното студирање и професионално реализирање по завршувањето на студиите.

Затоа имаме чест, позитивно да го оцениме трудот „Скрипта по предметот Граѓанско општество“ на доц. д-р Страшко Стојановски и да го поздравиме неговото објавување, кое ќе побуди интерес во рамките на реализирањето на предметните содржини во рамките на Граѓанското општество.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Вон. проф. д-р Јован Ананиев, с.р.**
**Доц. д-р Јадранка Денкова, с.р.**